# МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА ПРЕД И ПОСЛЕ ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА

**доц.д-р Емилија Митева-Кацарски [1], м-р Костадинка Чабулева [2]**

[1] Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
emilija.miteva@ugd.edu.mk
[2] Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Апстракт**
Намалувањето на обемот на светската трговија во текот на неодамнешната глобална економска криза, беше голем удар за глобалната економија и за земјите кои имплементираат извозноориентирана развојна стратегија. Во овој труд, се анализира структурата на меѓународната трговија пред 2008, структурата на меѓународната трговија после 2008 година, како и причините за променетата трговска структура.
**Клучни зборови:** меѓународна трговија, глобална економска криза, трговска структура.

# INTERNATIONAL TRADE BEFORE AND AFTER THE GLOBAL ECONOMIC CRISIS

**Emilija Miteva-Kacarski [1], Kostadinka Cabuleva [2]**

**Faculty of Economics, Goce Delcev University, Stip, Macedonia**
emilija.miteva@ugd.edu.mk

**Abstract**
The severe contraction of world trade volume during the recent global crisis was a major blow to the global economy and to countries which had pursued development strategy of export-led growth. In this paper, we analyze the structure of international trade before 2008, the structure of international trade after 2008 and the reasons for the change in trade structure.
**Key words:** international trade, global economic crisis, trade structure.

## Вовед

Уште од самите почетоци, меѓународната трговија расте брзо. Особено, после Втората светска војна, стапката на раст на меѓународната трговија е 10% на годишно ниво, со децениска стапка на раст во просек од најмалку 7%, за да се зголеми на 19% во 70-тите години на минатиот век[1]. Сепак, во 2009 година, како последица на глобалната економска криза, вредноста на меѓународната трговија опаѓа за 21%. Растот на глобалната трговија после 2008 година се должи на три важни трендови[2]: подемот на новите пазарни економии како систематски значајни трговски партнери, растечката важност на регионалната трговија и промената на структурата на извозот (производи со поголема додадена вредност) кон динамичниот пазар на земјите во развој.

## Карактеристики на светската трговија пред 2008 година

Историски гледано, меѓународната трговија беше ограничена на тргување со ретки добра во услови кога транспортот беше отежнат, иако постоеја теории и економски системи за поддршка на слободната трговија. Со индустриската револуција во 19-ти век, масовното производство и подобрениот транспорт ја олеснија меѓународната трговија во голема мера. Имајќи ги предвид промените во меѓународниот политички поредок, војните и глобалните економски кризи, трговските бариери отсекогаш биле инструмент на меѓународната трговска политика.

Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ) има круцијална улога во елиминирањето на бариерите и воспоставувањето на нов поредок во меѓународната трговија. Во периодот после Втората светска војна, развиените земји успешно ги намалиле царините како резултат на последователните рунди на мултилатерални трговски преговори. Сепак, некои од земјите

---

[1] Zelha ALTINKAYA (2013): Changing Global Trade Structure After 2008 Financial Crisis, Faculty of Economics and Administrative Sciences, Istanbul Aydın University, Turkey, p.3
[2] ibidem

наметнале нови нецарински бариери кои не би ги повредиле правилата на СТО, како што се доброволните извозни ограничувања, експлицитните квантитативни ограничувања и антидампингот. Притоа, земјите во развој не учествувале во процесот на царинска либерализација преку различните рунди на мултилатерални трговски преговори, се до Уругвајската рунда.

Влијанието на Светската трговска организација и Општата спогодба за царини и трговија е анализирано врз асиметрична основа на три начини[3]: меѓу развиените и земјите во развој, меѓу земјите во развој кои се приклучија кон СТО пред и после Уругвајската рунда на преговори, како и помеѓу секторите во кои што СТО е ефикасна во регулирањето на трговските бариери и оние (како што се земјоделството, текстилот и облеката) каде што е помалку ефикасна.

Во поглед на првата претпоставка, општо познат е фактот дека СТО и ГАТТ им наметнаа динамична обврска за трговска либерализација на земјите во развој. Како резултат на последователните рунди на мултилатерални трговски преговори, развиените земји успешно ги намалија своите царински бариери од повеќе од 15% во 1947 година на помалку од 3% во денешни услови[4].

Ваквите резултати во комбинација со фактот дека развиените земји се обврзани да не наметнуваат нецарински бариери (особено квантитативни ограничувања) укажуваат на тоа дека СТО треба да биде мотор на севкупната трговска либерализација преку развиените земји. Сепак, развиените земји после Втората светска војна се обидуваат да прибегнат кон примена на нецарински бариери, спротивно на правилата на СТО, кои ги вклучуваат доброволните извозни ограничувања (за автомобили и челик), експлицитните квантитативни ограничувања (за земјоделски производи и облека) и антидампингот. Од друга страна пак, уште од самите почетоци на ГАТТ, земјите во развој имаат многу помалку обврски за либерализација. Тоа, генерално се должи на посебниот и диференцијален третман на земјите во развој кој се состои од два елементи.

Прво, земјите во развој се до Уругвајската рунда, реално не учествувале низ различните рунди на царинска либерализација. Истите се обврзале дека нема да ги зголемуваат царините за помалку од една третина од нивните царински линии, за разлика од развиените земји кои се обврзале за 85% од царинските линии, кои факти се презентирани во табела 1.

Табела.1 Процент на царинско “обврзување” во рамките на ГАТТ пред Уругвајската рунда
Table.1 Percentage of Tariffs “Bound” in the GATT Prior to Uruguay Round

| | Развиени земји | Земји во развој |
|---|---|---|
| Индустриски производи | 84,7% | 31,8% |
| Останати производи | 80,2% | 30,2% |

Второ, олеснителниот третман од страна на ГАТТ за земјите во развој, не се однесуваше само на царинската либерализација, туку и на примената на нецаринските бариери, особено употребата на квантитативните ограничувања заради заштита на билансот на плаќања. Всушност, голем број од земјите во развој се повикаа на правото на користење на квантитативните ограничувања во поствоениот период, кое право се имплементираше во временски интервал од пет децении. Токму, примената на квантитативните ограничувања е клучен аспект на посебниот и диференцијалниот третман на земјите во развој.

Во поглед на втората претпоставка, една од целите на Уругвајската рунда беше намалување на јазот помеѓу развиените и земјите во развој во поглед на нивните обврски за либерализирање на трговските бариери. Оваа цел беше особено важна при утврдување на условите за прием на нови земји членки. Пристапувањето на Кина во СТО во 2001 година е релевантен илустративен пример. Кина станува членка на СТО после тринаесет годишен процес во кој наметнатите обврски за либерализација постојано се зголемуваат. Со тоа, трговскиот режим на Кина е многу повеќе либерализиран во споредба со трговските режими на останатите земји во развој членки на СТО.

Во поглед на третата претпоставка, постои асиметричност во либерализирањето помеѓу различните сектори. Додека развиените земји ги намалуваа нивните трговски бариери, клучните

[3] Subramanian, Arvind and Shang Jin Wei (2003).” The WTO Promotes Trade, Strongly but Unevenly” NBER Working Paper Series. Working Paper 10024, pp. 595-596

[4] SOME FACTS AND FIGURES http://www.wto.org/english/thewto_e/minist_e/min99_e/english/about_e/22fact_e.htm

сектори во земјите во развој (земјоделските производи, текстилот и облеката) беа ослободени од обврската за либерализација.Тоа подразбираше не само високи царини во овие сектори, туку и можност за примена на квантитативни ограничувања. Во тој контекст, Мултифибер аранжманот предизвикуваше повреда на основите правила на ГАТТ.

Овие три асиметрии се добро познати. Доколку истите се земат предвид, се поставува прашањето дали СТО ја промовира трговијата според начинот на кој е дизајнирана. Анализите покажуваат дека, сепак, ГАТТ и СТО имаат величествена улога во промовирањето на трговијата. СТО овозможи значително да се зголеми увозот во индустриските земји, за околу 68% како резултат на последователните рунди на либерализирање на царините. Но, од друга страна, увозот во земјите во развој е незначително зголемен, бидејќи истите беа ослободени од обврската за постепено намалување на трговските бариери, поради нивниот посебен и диференцијален третман. Имајќи го предвид фактот, дека развиените земји опфаќаат речиси две третини од глобалниот увоз, за временскиот период 1950-2000 година позитивното влијание врз трговијата е значително, создавајќи дополнителни 44% во вредноста на светската трговија[5].

Членството во СТО има позитивно влијание и врз земјите во развој кои се јавуваат во улога на извозници, поради зголемениот увоз во развиените земји. Токму, извозот од земјите во развој во развиените земји е зголемен за најмалку една третина како резултат на нивното членство во СТО.

Во последните неколку децении, значајно е трансформиран светскиот трговски пејзаж. Глобалната трговија е речиси три пати поголема во споредба со периодот на раните 1950-ти години. Токму, брзиот раст на трговијата и зголемениот пазарен удел на земјите во развој се особено важен предизвик. Се до последната деценија, големината на економиите, политиките имплементирани на меѓународните финансиски пазари, монетарните политики на земјите како и правилата на ГАТТ и СТО беа клучните фактори кои влијаеа врз обликувањето на глобалната трговска структура.

## Карактеристики на светската трговија после 2008 година

Растот на глобалната и регионалната трговија е детерминиран пред се, од трговската либерализација. Мултилатералната и билатералната либерализација од почетокот на 50-тите години на минатиот век резултираше со значително пониски трговски бариери, најпрвин во развиените, а потоа и во земјите во развој.

Растот на трговијата беше најинтензивен во Европа и Азија. Структурата на трговијата се карактеризира со зголемување на уделот на високотехнолошки добра. Технолошки интензивната извозна структура, генерално нуди подобри изгледи за идниот економски раст.

Појавата на Кина и нејзиното влијание врз производителите во светот е во фокусот на вниманието на креаторите на политиките и истражувачите. Со тоа, помалку развиените земји пројавија загриженост дека ќе бидат истиснати нивните трудоинтензивни производи. Сепак, со развојот на Кина, нејзината компаративна предност ја сочинуваат производи со повисок степен на обработка, со што се намалува можноста за ривалитет на производите од помалку развиените земји со кинеските стоки. Како причини поради кои се менува структурата на трговијата се наведени[6]: трговската либерализација како и зголемената вертикална специјализација и интраиндустриска трговија.

Во раните 70-ти години на минатиот век, трговијата во голема мера беше ограничена меѓу развиените земји. САД, Германија, Јапонија и останатите развиени земји реализираат околу една третина од глобалната трговија. До 90-тите години на минатиот век, глобалниот трговски пејзаж стана диверзифициран преку вклучување на новите пазарни економии, особено во Источна Азија. Додека регионалната трговија е речиси непроменета со околу 12% од светскиот БДП во периодот меѓу 1980 и 2009 година, растот на интрарегионалната трговија е особено изразен во Европа и Азија. Растот на глобалната трговија беше најинтензивен во Европа и е одржлив наспроти зголемената регионална концентрација. До 2010 година, Кина стана втор најголем трговски партнер по САД, надминувајќи ги Германија и Јапонија. За илустрација, како резултат на брзата индустријализација и трговската отвореност, трговијата на Кина изнесуваше 57% од нејзиниот

---

[5] Subramanian, Arvind and Shang Jin Wei (2003).” The WTO Promotes Trade, Strongly but Unevenly” NBER Working Paper Series. Working Paper 10024, pp.599-600

[6] Bayoumi, T.(2011) “ Changing Patterns of Global Trade” International Monetary Fund, p. 9

БДП, што беше тројно повеќе од соодносот на САД. Оттука, статусот на глобалните трговци се менува.

Настанаа промени во релативното рангирање на глобалните трговски партнери. Во 2009 година, Кина е на првото место како системски важен трговски партнер, за разлика од 9-тото место во 1999 година. Кина станува важен трговски партнер не само во однос на големината, туку и според зголемениот број на значајните трговски партнери. Европските земји го задржаа приматот на централни трговски земји во глобалната трговска мрежа.

Заради поттикнување на трговската либерализација и креирање на нови трговски правила кои не се опфатени во рамките на СТО и Доха рундата на преговори, се зголемува бројот на договори за слободна трговија. Историски гледано, бројот на договори за слободна трговија е презентиран на графикон 1.

Графикон.1 Број на договори за слободна трговија во светот по години
Chart.1 Number of FTAs worldwide by year




До август 2009 година, во сила беа 171 договор за слободна трговија. Од друга страна пак, преовладуваа само 16 договори за слободна трговија на крајот на 1989 година, кој број се зголеми на 50 во периодот 1990-1999 година, за истиот да биде зголемен на 105 во периодот 2000-2009 година. Глобалната економска криза во одредена мера го забави склучувањето на договори за слободна трговија, бидејќи земјите првенствено беа фокусирани на креирањето на домашните политики. После октомври 2008 година, евидентен е релевантен број на новосклучени договори за слободна трговија во насока на поттикнување на интрарегионалната трговска размена.

## Заклучок

Во периодот после 1990-тите години на минатиот век, политиките на либерализација го променија моделот на светската трговија. После глобалната економска криза во 2008 година, трговската структура се менува уште еднаш. Имено, во 70-тите години на минатиот век, трговијата во голема мера беше контролирана од страна на развиените земји. До 90-тите години на минатиот век, во глобалниот трговски пејзаж се вметнати неколку земји во развој од Источна Азија. До 2010 година, Кина стана најголем трговски партнер после САД, што се должеше на брзата индустријализација и трговската отвореност. Со тоа, новите пазарни економии се трансформираат од периферни играчи во значајни центри на глобалната трговија Согласно проекциите, Кина ќе се фокусира на развој на вискотехнолошки производи до 2020-та година. Динамиката на мултилатералната либерализација е изразена преку бројот на договори за слободна трговија, како

и плулатералните договори за слободна трговија во рамките на СТО во сферата на инвестициите, услугите, јавните набавки и правата на интелектуална сопственост.

## Користена литература:


1. Baldwin, Richard (2013)" WTO 2.0: Thinking ahead on Global Trade" Center for Economic Policy Research;
2. Bayoumi, T.(2011) "Changing Patterns of Global Trade" International Monetary Fund;
3. Subramanian, Arvind and Shang Jin Wei (2003)." The WTO Promotes Trade, Strongly but Unevenly" NBER Working Paper Series. Working Paper 10024;
4. Zelha ALTINKAYA (2013): Changing Global Trade Structure After 2008 Financial Crisis, Faculty of Economics and Administrative Sciences, Istanbul Aydın University, Turkey;
5. WTO (2009), Report to the Trade Policy Review Body from the Director-General on the financial and economic crisis and trade-related developments, JOB(09)/2;
6. Finger, J.M., M.D. Ingco, and U. Reincke, (1996), "The Uruguay Round: Statistics on Tariff Concessions Given and Received" (Washington: World Bank).